Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 65, 1 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд- одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област гастрономија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област хемија на текстилот на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник од наставно-научната област македонистика на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Истражно дупчење“ од авторот проф. д-р Орце Спасовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор“ (скрипта) од авторот доц. д-р Александар Костадиновски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство”, од авторот доц. д-р Круме Николоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 48

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по основи на сточарското производство” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на учебникот „Механика на карпи“ од проф. д-р Зоран Панов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на 9.2.2011 год., донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање ***помлад асистент*** за научната област ***романистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

– д-р Радица Никодиновска – доцент,
– д-р Александра Саржоска – вонреден професор,
– д-р Душко Алексовски – доцент.

По разгледувањето на приложените материјали, согласно со Законот и актите на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“, на 4 април 2011 година, за избор на соработник во звање *Помлад асистент* за наставно-научната област *романистика* се јави само кандидатката **Јована Марјан Караникиќ.**

Врз основа на член 142 од Законот за високо образование и член 131 од Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатката навремено ги доставила своите пријави со потребните документи, во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Пријавата на кандидатот м-р Јована Караникиќ, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Јована Марјан Караникиќ** е родена на 26 мај 1985 год. во Куманово. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Во 2008 г. дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Групата за италијански јазик и книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности со просек 9,88. Во 2010 год. се стекнува со звање **магистер по европски книжевни култури** на Конзорциумот CLE во Болоња (Италија). Изработува магистерски труд на тема „*Аспект на културни разлики во преводите од македонска книжевност на италијански јазик*“. Во учебната 2011/11 2008 е ангажирана како стручњак од практиката на групата Италијански јазик и книжевност за предметите: Италијанската книжевност на хуманизмот и ренесансата, Италијанскиот романтизам и книжевноста на XIX век и Италијански како странски јазик.

***Учество на семинари, обуки и тренинзи***

Кандидатката Јована Караникиќ има учествувано во бројни меѓународни проекти (планирање, имплементација, мониторинг и евалуација), семинари, како и на тренинг курсеви, особено од обласа на интеркултурата, европското граѓанство итн.

Учествува на Тренинг модулот за европско граѓанство на тема *Интеркултурно учење* во Ејзенхорн, Луксембург, потоа во Франција на тема Европа и дијалог на цивилизациите и др.

Таа, исто така, била и координатор на проектите: „Young Citizens for Intercultural Europe, "You(th) Act for Rights" и др. и учествувала во имплементација на други проекти.

Интересот на кандидатката е посебно насочен кон креативниот развој на интеркултуриот дијалог преку театар и фасцилитација и групен процес во интеркултурни проекти.

Во извршувањето на работните задачи се истакнува со својата посветеност, трудољубивост и иницијативност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги професионалните и научноистражувачките активности на пријавената кандидатка, Комисијата ја предлага м-р Јована Караникиќ за избор во соработничко звање помлад асистент, во согласност со следнава аргументација.

Кандидатката располага со пошироки познавања од областа на книжевноста, цивилизацијата и интеркултурата.

Кандидатката располага со педагошко искуство како стручњак од практиката по предмети од областа на италијанската книжевност.

Кандидатката, во рамките на нејзината научно-образовна и стручно-апликативна дејност ги исполнува критериумите предвидени со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на сето тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му предложи **м-р Јована Караникиќ да ја избере во звање помлад асистент за научната област романистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Радица Никодиновска – доцент, с.р.**
**Д-р Александра Саржоска – вонреден професор, с.р.**
**Д-р Душко Алексовски – доцент, с.р.**